# Дневна хемеротека за *06.06.2016г.*

## +инфо - [На Светскиот ден на животната средина ѓубре собираше и Вели Мумин]

+ИНФО 5 ГОДИНИ www.plusinfo.mk



### На Светскиот ден на животната средина ѓубре собираше и Вели Мумин

**Во повеќе општини Министертсвото за животна средина организираше акции за отстранување на отпадот, а јавни личности дадоа поддршка.**

Плусинфо • 16:49 05 јуни 2016 • Прочитано 1138 Share 0 Tweet

Денес, по повод 5 јуни Светскиот ден на животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Агенцијата за млади и спорт и општините и со јавните комунални претпријатија, ја спроведе пролетната акција, која е дел од од националната кампања за чистење на несоодветно депонираниот отпад „Македонија без отпад“.

Во рамки на акцијата во општина Сарај на влезот на езерото Треска, кај новата пречистителна станица за отпадни води беше отстранет несоодветно одложениот отпад, при што со своето присуство, поддршка на

акцијата даде и македонскиот боксер Вели Мумин.

Во општина Неготино се чистеше околу спортската сала „Младост“, а таму на чистењето активно се приклучи и македонскиот автомобилист Игор Стефановски-Иџе.

Кампањата „Македонија без отпад“ се спроведе и во општина Кавадарци каде беше извршено подводно чистење на отпад на Тиквешкото езеро од страна на нуркачкиот клуб Врело, додека пак во општина Конче се чистеше отпад на местото викано Ирон Дол во близина на населеното место Лубница.

Во акцијата масовно се вклучија и Сојузот на извидници на Македонија, Црвен Крст на Република Македонија, колективни постапувачи со отпад и други комерцијали субјекти.

„Ваквите акции имаат големо значење бидејќи со нив се развива свеста кај граѓаните за правилно управување со отпадот и се развивaaт механизми за подршка на граѓаните, општините и другите засегнати групи за подобро да се справат со несоодветно и неорганизирано фрлање на отпад во нивните заедници. Но за трајно расчистување на дивите депонии не се доволни само активностите на централната и на локалната власт, туку е потребна и високо развиена свест дека секој од нас треба одговорно да се однесува и со животната околина и со отпадот кој што самиот го произведува. Затоа, мораме да бидеме одговорни и свесни дека само со заеднички и координирани активности можеме да го постигнеме конечниот резултат - здрава и чиста животна средина“, се вели во соопштението од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Радио МОФ - Акции за чистење низ целата држава по повод Светскиот ден на животната средина



# АКЦИИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НИЗ ЦЕЛАТА ДРЖАВА ПО ПОВОД СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

0

05/06/2016 - 17:19 ВЕСТИ, ГРАЃАНИ

Волонтери на различна возраст денеска учествуваа во повеќе акции за чистење низ целата држава по повод Светскиот ден на животната средина.



Дел од нив, денеска го чистеа Средно Водно, под мотото на проектот „В ЦЕБ, ако нема каде друго!“. Младите волонтери собраа значителна количина отпад фрлен по патот, а помош добија и од вработени во Секторот за зачувување на животната средина на Град Скопје.

Организатор на оваа акција е новото Движење за едукација и унапредување на дијалогот ЛЕАД. Ова е прв проект на оваа невладина организација. Со проектот „В ЦЕБ, ако нема каде друго!“ се предвидени шест вакви акции, во наредните шест месеци, поддржани од програмата Цивика Мобилитас.



Министерството за животна средина и просторно планирање, пак, спроведе акции со помош на Агенцијата за млади и спорт и Јавните комунални претпријатија на општините, како дел од  националната кампања „Македонија без отпад".

Се чистеше во Сарај на влезот на езерото Треска, кај новата пречистителна станица за отпадни води, каде беше отстранет несоодветно одложениот отпад. Во Неготино се чистеше околу спортската сала „Младост", во Кавадарци беше извршено подводно чистење на отпад на Тиквешкото езеро од страна на нуркачкиот клуб Врело, додека во Конче се чистеше отпад на местото викано Ирон Дол во близина на н.м Лубница.





Во акцијата масовно се вклучија и Сојузот на извидници на Македонија, Црвен крст на Република Македонија, колективни постапувачи со отпад и други комерцијали субјекти.

Овие акции имаа за цел да ја развијат свеста кај граѓаните за правилно управување со отпадот.

*Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.*
*Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

## Вест - *Пролетна акција од кампањата „Македонија без отпад”*

На повеќе локации во државава се спроведоа активности за отстранување несоодветно одложен отпад, со што се реализира проектот „Чиста околина“, дел од пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад

## МКД - *Се одржа пролетниот дел од кампањата „Македонија без отпад“*

На повеќе локации во државава денеска се спроведоа активности за отстранување несоодветно одложен отпад, со што се реализира проектот „Чиста околина“, дел од пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад”

## Мета - *Денеска се чистеше Македонија*

Волонтери на различна возраст денеска учествуваа во повеќе акции за чистење низ целата држава по повод Светскиот ден на животната средина. Дел од нив, денеска го чистеа Средно Водно, под мотото на проектот „В ЏЕБ, ако нема каде друго!“.

## ТВ21 - *„Македонија без отпадоци“ – Министерот Ахмети не учествуваше во еколошката акција*

Во акцијата „Македонија без отпадоци„ во општина Сарај , иако беше најавено не присуствуваше министерот за животна средина, Башким Ахмети и градоначалникот на општина Сарај, Беким Мурати. Вработените во овие институции вклучувајќи ја и Агенцијата за ...

**Tetova Sot -** ***"Maqedonia pa mbeturina" – Ministri Bashkim Ahmeti mungoi në aktivitetin në Saraj! (VIDEO)***

shpejt dhe ndryshe

# "Maqedonia pa mbeturina" - Ministri Bashkim Ahmeti mungoi në aktivitetin në Saraj! (VIDEO)



in Maqedoni 05/06/2016

Edhe pse ishin paralajmëruar, në aksionin "Maqedonia pa mbeturina" në komunën e Sarajit nuk ishte i pranishëm ministri i Mjedisit Jetësor, Bashkim Ahmeti dhe kryetari i kësaj komune, Bekim Murati. Megjithatë të punësuarit e këtyre institucioneve përfshirë edhe Agjencinë për Rini dhe Sport ishin pjesë e aksionit për pastrimin e mbeturinave rreth Liqenit të Treskës, me rastin e Ditës Botërore të Mjedisit.

Bekim Muameti, zyrtar i komunës së Sarajit tha se ky aktivitet ka si qëllim ruajtjen e ambientit dhe ngritjen e vetëdijes tek qytetarët.

"Në këtë ditë të shënuar të ekologjisë, qytetarët të jenë vigjilentë dhe koshient dhe të ruajnë ambientin jetësor ashtu siç i ka hije. Dhe kjo hapësire rekreative në Treskë të Sarajit të jetë e pastër dhe mbrojtur", tha ai.

Bekim Muameti, zyrtar i komunës së Sarajit tha se ky aktivitet ka si qëllim ruajtjen e ambientit dhe ngritjen e vetëdijes tek qytetarët.

"Në këtë ditë të shënuar të ekologjisë, qytetarët të jenë vigjilentë dhe koshient dhe të ruajnë ambientin jetësor ashtu siç i ka hije. Dhe kjo hapësire rekreative në Treskë të Sarajit të jetë e pastër dhe mbrojtur", tha ai.

Me rastin e 5 qershorit – Ditës së Mjedisit, reagoi edhe Partia për Ripërtrirjen e Demokratike të Maqedonisë, që është partia me politikat më të theksuara në sferën e ekologjisë.

"Por gjelbërimi në Vodno është seriozisht i rrezikuar me ofensivën e vazhdueshme ndërtimore. Në të gjithë këtë degradim të hapësirës dhe mjedisit jetësor, udhërrëfyes është përfitimi dhe interesat personale, në dëm të Shkupit dhe shkupjanëve", tha zëdhënësja e RDM, Maja Moraçanin.

Aksione të tilla për ruajtjen e mjedisit janë mbajtur edhe në Kavardar, Negotinë, Konçe dhe Vodno, ku u përfshinë edhe shoqata për ruajtjen e mjedisit.




## TV21 - *“Maqedonia pa mbeturina” – Ministri Ahmeti mungoi në aktivitetin në Saraj!*

Edhe pse ishin paralajmëruar, në aksionin “Maqedonia pa mbeturina” në komunën e Sarajit nuk ishte i pranishëm ministri i Mjedisit Jetësor, Bashkim Ahmeti dhe kryetari i kësaj komune, Bekim Murati.

**Сител - *Пролетна акција од кампањата „Македонија без отпад“ во Неготино***

# Пролетна акција од кампањата „Македонија без отпад“ во Неготино

Испрати | Ми се допаѓа | Сподели 1 | Tweet | G+1 0



На три локации денеска во Неготино се реализира пролетната акција од кампњата „Македонија без отпад“, во организација на Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со Агенцијата за млади и спорт и општините со Јавните комунални претпријатија.

Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески се приклучија во акцијата во Неготино и чистеа околу спортската сала „Младост“.

- Во суштина оваа акција има две цели. Едната цел ја чини едукативниот аспект, подигнување на свеста кај граѓаните за да не оставаат отпад на несоодветни места. Да има едно регулирано управување со отпадот. Од друга страна, пак, во овие пролетни денови да направиме акција на чистење, да собереме отпад. Во моментов во Македонија се присутни многу такви мали диви депонии, нагласи заменик-министерот.

Тој укажа дека пролетната акција е од помал обем.

- Акцијата „Македонија без отпад“ ја спрведуваме веќе петта година. Есенската акција ја спроведуваме во сите општини во Република Македонија, а пролетната ја таргетираме во неколку општини. Овој пат избравме две рурални и две урбани општини, специјалната мисија на чистење е Тиквешкото езеро, рече Темелковски.

Директорот Спасески потенцира дека активно се вклучуваат во акцијата со свои активисти, особено со познати и признати спортисти.

- Сите заедно треба да упатиме апел дека не само при одбележување на вакви големи денови, како што е Меѓународниот ден за заштита на животната средина, туку и секој ден, сите луѓе со своето поведение треба да претставуваат пример како сите заедно треба да се грижиме за здрава и чиста животна средина, рече Спасески.

Градоначалникот на Неготино Ванчо Апостолов рече дека годинава чистат на потегот од влезот од Скопје за Неготино, на булеварот се до спортската сала „Младост“.

## Вест - [Нуркачи од "Врело" ловеа отпад во Тиквешкото Езеро]

ОДБЕЛЕЖАН СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### НУРКАЧИ ОД "ВРЕЛО" ЛОВЕА ОТПАД ВО ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО

Спелеонуркачкиот клуб "Врело" го чистеше отпадот од дното на Тиквешкото Езеро. Акцијата беше организирана од Општина Кавадарци, која се приклучи на одбележувањето на Светскиот дена на животната средина 5 јуни.



"Од езерото извадивме пластика, гуми, некои железни предмети, остатоци од стари кајчиња и уништени мрежи. Можам да кажам дека Тиквешко Езеро е релативно почисто од другите езера во Македонија", ни рече Кире Ангелески, претседател на нуркачкиот клуб "Врело", по завршувањето на акцијата.

Освен чистењето на дното на Тиквешко Езеро, акции за чиста околина се одржаа и на други локации низ Македонија, а беа реализирани од Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, Сојузот на извидници на Македонија и со општините, со јавните комунални претпријатија.

Точно напладне, 15 волонтери од движењето за едукација и унапредување на дијалогот ЛЕАД, кои носеа маици на кои пишуваше В џеб, ако нема каде друго", го чистеа од ѓубре Средно Водно. Покрај расчистувањето на сметот, оваа акција имаше цел да ја зголеми свеста кај граѓаните да не фрлаат отпад насекаде.

Во Неготино се чистеше просторот околу спортската сала "Младост", а во Општина Конче расфрланиот смет се расчистуваше во Ирон Дол, во близина на Лубница. (И. С.)

## Сител - *[Нуркачи го чистеа Тиквешко Езеро, а екологисти брегот]*

Нуркачи денеска го чистеа Тиквешкото Езеро, а екологисти собираа отпад покрај брегот во рамки на пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад“. Организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со ...

## Lider - *[Нуркачи го чистеа Тиквешко Езеро, а екологисти брегот]*

Нуркачи денеска го чистеа Тиквешкото Езеро, а екологисти собираа отпад покрај брегот во рамки на пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад“. Организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со ...

## Курир - *[Нуркачи го чистеа Тиквешко Езеро, а екологисти брегот]*

Нуркачи денеска го чистеа Тиквешкото Езеро, а екологисти собираа отпад покрај брегот во рамки на пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад“. Организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со ...

## Локално - *[Нуркачи го чистеа Тиквешко Езеро, а екологисти брегот]*

Нуркачи денеска го чистеа Тиквешкото Езеро, а екологисти собираа отпад покрај брегот во рамки на пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад“. Организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со ...

## Канал5 - *[Нуркачи го чистеа Тиквешко Езеро, а екологисти брегот]*

Нуркачи денеска го чистеа Тиквешкото Езеро, а екологисти собираа отпад покрај брегот во рамки на пролетната акција од кампањата „Македонија без отпад“. Организатори се Министерството за животна средина и просторно планирање во соработка со ...

## Пулс24 - *Општина Битола го одбележа Светскиот ден за заштита на животната средина*

Puls 24

## Општина Битола го одбележа Светскиот ден за заштита на животната средина

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ СЛЕДНА ВЕСТ ›

**Општина Битола, во соработка со јавните претпријатија и невладините организации: „Биосфера“„Баирска светлина“, „Европска гледна точка“, „Волвокс“ и „СУМНАЛ“ и оваа година на светскиот ден за заштита на животната средина организира акција за почиста околина. Во рамките на акцијата во координација со општинскиот комунален инспекторат ќе бидат исчистени повеќе депонии: пат А3-обиколница на градот, „Тепсија“, ул. „Мирче Ацев“ бр.44, ул. „Партизанска“ кај стар ресторан „Парк“ и старите светонеделски гробишта.**



„Апелирам до граѓаните, сметот да го исфрлаат онаму каде што е одредено место за исфрлање на истиот. Органскиот и градежниот шут кој го исфрлаат навистина ја загадува животната средина. Да потсетам на почетокот кога почнавме со ваквите активности, имавме лоцирано 117 диви депонии, која бројка се намалува.

Благодарност до мештаните кои го почитуваат тоа и се разбира кои ни помагаат во лоцирање на несовесните граѓани. Во изминатиов период општинската инспекција имаше полни раце работа, така што 23 лица кои што фрлаа отпад се опоменати и задолжени со чистење на целата депонија каде што го исфрлале отпадот, а три лица се парично казнети и тоа ќе го продолжиме како пракса и во идниот период. “, изјави градоначалникот на општина Битола, д-р Владимир Талески.

Општина Битола, заедно со јавните комунални претпријатија од градот континуирано води грижа за хигиената во градот и околните места, за што потврда е значителното намалување на бројот на диви депонии кој пред 11 години изнесуваше 117, а денес околу 15. Ова се должи на континуираните активности кои се реализираат на голем број локации, а имаат за цел да ги опоменат, спречат или заштитат граѓаните од последиците кои може да настанат при создавањето на дивите депонии. Два пати годишно, општината организира и масовни акции за почиста околина, кои се дел од програмските активности на локалната самоуправа, но честопати и во координација со ресорното министерство.

Исто така на денешната акција за почиста околина, градоначалникот нагласи дека општина Битола, преку Советот на општина Битола има донесено програма за заштита на човековата околина, со тоа што грижата се однесува на сите аспекти, а во изминатиот зимски период преку институциите во општина Битола, главно најголемите загадувачи во општината беа опоменати, со што беа превземени мерки за чистење на нвните оџаци и тоа доведе до намалување на аерозагадувањето во нашиот град. На дневна основа се следи и аерозагадувањето, а со тоа може да се каже и дека во последните два месеци, во Битола има нормална ситуација и нема отстапување од она што е дозволено во рамките на законот, со што се потврдува она кое што неолку пати беше посочено дека загадувањето на воздухот во Битола воглавно е во зимскиот период.

## ТВ21 - *Во Битола одбележан Светскиот ден за заштита на животната средина*

Општина Битола во соработка со јавни претпријатија и невладини организации и годинава Светскиот ден за заштита на животната средина го одбележа со организирана акција за почиста околина. Во рамки на акцијата во координација со општинскиот комунален .

## Шеталиште - *Светскиот ден за заштита на животната средина одбележан во Битола*

Општина Битола, во соработка со јавните претпријатија и невладините организации: „Биосфера“„Баирска светлина“, „Европска гледна точка“, „Волвокс“ и „СУМНАЛ“ и оваа година на светскиот ден за заштита на животната средина организира акција за почиста ...

# Komuna r Gostivarit - Aksioni nacional “Maqedonia pa mbeturina“, u realizua edhe në Komunën e Gostivarit

KOMUNA E GOSTIVARIT
ОПШТИНА ГОСТИВАР
GOSTIVAR BELEDİYESİ
MUNICIPALITY OF GOSTIVAR

## Aksioni nacional “Maqedonia pa mbeturina“, u realizua edhe në Komunën e Gostivarit

PDF PRINT EMAIL

**Gostivar, 5 tetor – 2013**



Komuna e Gostivarit, ia bashkua aksioni në nacional “Maqedonia pa mbeturina“, për pastrim të mbeturinave nga hapësirat e palejuara. Aksioni në qytetin e Gostivarit, përfshiu më tepër lokacione duke filluar nga shkollat fillore dhe të mesme, paraqet, si dhe varrezat e vjetra të qytetit.

“Aksioni mbahet me qëllim që të zhvillohet vetëdija e qytetarëve për menaxhim të drejtë me mbetjet dhe të zhvillohet mekanizëm për mbështetje të qytetarëve, komunat dhe grupet e përfshira që më mirë të ballafaqohen me hedhjen e mbeturinave në vende të banuara. Në këtë aksion edhe komuna e Gostivarit mori pjesë edhe atë nëpërmjet shkollave të cilat janë në kompetencën tonë edhe atë 3 të mesme dhe 9 shkolla fillore nëpërmjet seksioneve të veta ekologjike për pastrim të mbeturinave në shkollat e tyre,

ndërsa NP “Komunalec“ me rreth tridhjetë punëtorë edhe atë nga Seksioni për higjienë komunale dhe Seksioni për parqe dhe gjelbërime. Po ashtu u pastruan edhe deponia e egër në afërsi të varrezave të vjetra myslimane dhe dy parqet e qytetit. Prej këtyre lokacioneve parashihet që të grumbullohen 30 metra kubik mbetje urbane dhe ndërtimore”, deklaroi Nazmi Jusufi nga Komuna e Gostivarit.

Aksioni filloi nga Shkolla e Mesme Ekonomike Komunale. Zëvendësdrejtori Kasam Kasami , njoftoi se seksioni ekologjike për pastrim të mbeturinave që funksionon në shkollën e tyre, i është përgjigjur pozitivisht kësaj iniciative, duke shtuar se edhe vitin e kaluar, kjo shkollë ishte pjesë e këtij aksioni. Komuna e Gostivarit vuri në shfrytëzim tre kamionë për grumbullimin e mbetjeve komunale, lopata, qese, dorashka e tjerë.

Prej administratës komunale në ditën e aksionit ishin të pranishëm dhjetë persona.



## Локално - ДОМ на Светскиот ден на животната средина: Трајна заштита на Водно од градежната офанзива!

ЛОКАЛНО.МК

МАКЕДОНИЈА » БИЗНИС ГЛОБАЛНО » ЛОКАЛНО СПОРТ МАГАЗИН » КУ

# ДОМ на Светскиот ден на животната средина: Трајна заштита на Водно од градежната офанзива!

Like 0 Tweet G+1 0 Share 0

На Светскиот ден на животната средина, 5 јуни, ДОМ енергично бара трајна заштита на Водно од градежната офанзива, за да се зачува парк-шумата, која е скапоцена за микроклимата во Скопје.




ДОМ огорчено констатира дека се уште нема одговор од надлежните, на реакциите за дивеењето над Детската клиника Козле, каде незаконски се сече шума за пробивање пат за изградба на објекти. Ни по увидот на инспекциските служби на Град Скопје, јавноста не дозна: колкава штета е направена и од кого; постои ли формална дозвола, кој ја издал и според кој закон; какви објекти се предвидени; која институција стои зад ова варварство: општината, градот или владата?

Јавноста мора да ги знае овие информации, бидејќи станува збор за простор од јавен интерес, со биолошки вредности. Зеленот појас на Водно го чисти воздухот, ја смалува температурата, штити од ерозија, го регулира водниот режим, силно влијае врз биодиверзитетот и квалитетот на живот на граѓаните на Скопје.

Но зеленилото на Водно е сериозно загрозено со непрекината градежна офанзива. Се газат закони и урбанистички планови, се градат патишта, никнуваат диви населби, се легализираат, се поместува границата на парк-шумата. Во целата деградација на просторот и животната средина, водилка е профитот и личните интереси, на штета на Скопје и на Скопјани –изјави Маја Морачанин, портпаролка на ДОМ.

На сето тоа мора веќе да му се стави крај! – рече портпаролот Тони Ристов, притоа предложи пакет од долгорочни мерки со кои ќе се спречи дивата сеча и градба на Водно:

1) прогласување на парк-шумата Водно за заштитено подрачје со јасно дефинирани граници, по примерот на парк-шумата Гази-Баба (прогласена за парк на природата во надлежност на Градот Скопје на почетокот на 2015 година);

2) носење на вистински Закон за зеленило за урбаните средини и нивната околина, со кој ќе се заштити постоечкото зеленило, без можност било која власт да го урбанизира и претвора во градежно земјиште (потсетуваме дека ДОМ подготви таков закон, по примерот на Германија и Австрија, но тој беше 3 пати одбиен во Собранието!);

3) обезбедување ефикасна институционална заштита и одрживо менаџирање со Водно од страна на Градот Скопје, со обезбеден нормален буџет за таа намена;

4) доследно почитување на законите за заштита на животната средина од страна на граѓаните и институциите, со санкционирање на сите прекршители, без исклучок.

## Утрински - Волонтери го чистеа Водно од ѓубре

Утрински весник

05.06.2016, 16:20

### ВОЛОНТЕРИ ГО ЧИСТЕА ВОДНО ОД ЃУБРЕ



На Светскиот ден на животната средина повеќе волонтери ги чистеа падините на Водно од отпад. Со маици со слоган „В џеб ако нема каде друго" овие млади луѓе се обидоа да го расчистат сметот од планината, но покрај тоа акцијата што ја спроведоа имаше за цел и да се зголеми свеста кај граѓаните за зачувување на животната средина. Акцијата беше во организација на Движењето за едукација и унапредување на дијалогот ЛЕАД.

Проектот „В џеб ако нема каде друго!" е поддржан од програмата „Цивика мобилитас", на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ). Го спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка и Шведскиот институт за јавна администрација. Проектот е поддржан и од Секторот за зачувување на животната средина на Град Скопје. (С.Р.)

## Макфакс - *Средно Водно исчистено од отпадоци*

Група млади од различна етничка припадност во неделата во организација на Движењето за едукација и унапредување на дијалогот, ЛЕАД, спроведе акција на чистење на отпадот на Средно Водно. На Денот на животната средина, тие се распоредија и со подршка ...

## Дневник - *Ако нема каде, ѓубрето в џеб*

Група млади вчера спроведоа акција за чистење на отпадот на Средно Водно, по повод 5 Јуни, Светскиот ден на животната средина. Акцијата се реализира во организација на Движењето за едукација и унапредување на дијалогот, ЛЕАД.

# МИА - Дебата „Париски договор-климатски промени и управување со водите“

ПОНЕДЕЛНИК, 06 ЈУНИ 2016, 09:35:07

МИА МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

АЖУРИРАЈ ГИ ТВОИТЕ ПОДАТОЦИ

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

## Дебата „Париски договор-климатски промени и управување со водите“

Препорачај 0

понеделник, 06 јуни 2016 07:28



**Скопје, 6 јуни 2016 (МИА)** - Во Секретаријатот за европски прашања (СЕП), по повод Меѓународниот ден за животна средина, во рамките на кампањата „ЕУ Разговори" денеска ќе се одржи дебата на тема „Париски дговор-климатски промени и управување со водите".

На дебата ќе се обрати заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања Арбр Адеми, а ќе учествуваат и амбасадорката на Франција Лоренс Оер и министерот за животна средина и просторно планирање Башким Амети.

На дебатата ќе учествуваат претставници од владиниот сектор, граѓанските организации и професори кои делуваат на полето на животната средина. **ев/са/07:27**

## Lajm Press - Debat 'Marrëveshja e Parisit-ndryshimet klimatike dhe menaxhimi i ujërave'

Lajm

# Debat 'Marrëveshja e Parisit-ndryshimet klimatike dhe menaxhimi i ujërave'

By Lajmpress7
E postuar më 06-06-2016, 9:29



Në hapësirat e Sekretariatit për Çështje Evropiane me rastin e Ditës ndërkombëtare të Mjedisit jetësor, në kuadër të kampanjës 'BE Bisedime' sot do të realizohet debat me temë: 'Marrëveshja e Parisit-Ndryshimet Klimatike dhe Menaxhimi i ujërave', transmeton Telegrafi Maqedoni.

Debati do të udhëhiqet nga zëvendëskryeministri i Maqedonisë, përgjegjës për Çështje Evropiane Arbër Ademi, ku do të marrin pjesë edhe Ambasadori i Republikës së Francës, Lorens Oer dhe Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikim Hapësinor, Bashkim Ameti.

Në debat pjesëmarrës do të jenë përfaqësues të sektorit qeveritar, organizatat civile dhe profesorë të cilët veprojnë në fushën e mjedisit jetësor. /Telegrafi/